Предлог

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/12,17/13, 21/13 и 142/14), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден __.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката**
**за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес**
**со примена на Методологијата за процена на пазарната**
**вредност на недвижен имот**

**Член 1**

Во Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25), после членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Започнатите постапки до денот на започнување на примената на оваа одлука, ќе завршат согласно Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот со број 25-5208/8 од 27.12.2024 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.15/24)

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

# Образложение

Од страна на Советот на Општина Велес на ден 26.12.2025 година е донесена  Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот со бр.25-5958/11 од 29.12.2025 година.

Од причина што во оваа одлука не е доволно прецизирано што со започнатите постапки се предлага оваа одлука.